
МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО - БИТОЛА
ISSN 1857-940X
Современи
дијалози
Списание за култура - литература,
драмска уметност, филм и издаваштво
CONTEMPORARY DIALOGUES
XII (14)
2024
14

**МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО – БИТОЛА**
**ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА – ЛИТЕРАТУРА,**
**ДРАМСКА УМЕТНОСТ, ФИЛМ И ИЗДАВАШТВО**

**ISSN 1857- 940X**

# СОВРЕМЕНИ ДИЈАЛОЗИ

**СПИСАНИЕ ЗА КУЛТУРА – ЛИТЕРАТУРА,**
**ДРАМСКА УМЕТНОСТ, ФИЛМ И ИЗДАВАШТВО**

**Год. XII, бр. 14**

**БИТОЛА**
**2024 г.**

# СОВРЕМЕНИ ДИЈАЛОЗИ

**– Списание за култура – литература, драмска уметност, филм и издаваштво**

**14** 2024

ISSN 1857- 940X

**Издавач:**
МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО – БИТОЛА

**За Македонското научно друштво:**
вонр. проф. д-р Невена Груевска, претседател

**Редакција:**
проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, главен и одговорен уредник
Весна Мундишевска-Велјановска
вонр. проф. д-р Силвана Нешковска
доц. д-р Анита Ангелевска

**Меѓународен уредувачки одбор:**
проф. д-р Звонко Танески (Словачка)
Раед Анис Ал-Јиши (Саудиска Арабија)
м-р Жарко Миленић (Русија/ Босна и Херцеговина)
проф. д-р Тземин Итион Тсаи (Тајван, Република Кина)
проф. д-р Том Филипс (Велика Британија)
вонр. проф. д-р Михо Нонака (Јапонија/ САД)
Олга Лалиќ-Кровицка (Полска)
Искра Пенева (Србија)
проф. д-р Су Цен Лин (Тајван, Република Кина)
Жермен Дрогенброт (Белгија/ Шпанија)

**Уредувачки совет на МНД:**
д-р Никола Главинче, претседател
проф. д-р Наташа Мојсоска
д-р Екатерина Михелькис
проф. д-р Лидија Стефановска
проф. д-р Марија Котевска-Димовска

Мислењата и ставовите што се изразени во „Современи дијалози“
им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на редакцијата,
издавачот или Министерството за култура на Република Северна Македонија

СПИСАНИЕТО ИЗЛЕГУВА ЕДНАШ ГОДИШНО
Прилозите, со кратка биографија за авторот, се испраќаат напишани со фонт Times New Roman со кирилична поддршка, големина 12 pt и со единечен проред, на e-mail: mns.bitola@gmail.com со назнака За „Современи дијалози“.

Се претпочита прилозите претходно да не биле објавувани
во други печатени или електронски списанија.

Овој број на списанието излегува со финансиска поддршка од
Министерството за култура на Република Северна Македонија

MACEDONIAN SCIENCE SOCIETY – BITOLA
CENTER FOR CULTURE – LITERATURE,
DRAMA, FILM AND PUBLISHING

ISSN 1857- 940X

# CONTEMPORARY DIALOGUES

JOURNAL OF CULTURE – LITERATURE,
DRAMA, FILM AND PUBLISHING

Vol. XII, No. 14

BITOLA
2024

▲

**СОВРЕМЕНИ ДИЈАЛОЗИ**
Списание за култура – литература, драмска уметност, филм и издаваштво

**Год. XII, бр. 14/ Vol.XII, No. 14 ISSN 1857- 940X**

**CONTEMPORARY DIALOGUES**
Journal of Culture – Literature, Drama, Film and Publishing

copyright © 2024 Македонско научно друштво – Битола
copyright © 2024 Macedonian Science Society – Bitola

▲

**Лектор/ Lector:**
проф. д-р Трајко Огненовски/ Trajko Ognenovski, Ph. D

▲

**Ликовен уредник/ Art editor:**
Даниела Андоновска-Трајковска/ Daniela Andonovska-Trajkovska

▲

**Компјутерска обработка и дизајн на корица/**
**Computer design and cover:**
Весна Мундишевска-Велјановска/ Vesna Mundishevska-Veljanovska

▲

**Слика на корица/ Painting on the cover:**
Јордан Манасијески/ Jordan Manasijeski

▲

**Печати/ Printed by:**
Печатница „Графо Пром" – Битола/ "Grafo Prom" – Bitola

▲

**Тираж/ Copies:**
300 примероци/ 300 copies

▲

Битола, август 2024 г./ Bitola, August 2024

# СОДРЖИНА/ CONTENT


Предговор ..... 5
FOREWORD ..... 6

ПОЕЗИЈА ..... 7
P o e t r y ..... 7
Божин Андоновски/ Bozhin Andonovski ..... 9
Човекот го нема! Човекот го нема! ..... 9
Пандемија ..... 9
Чудесен нивој свет ..... 10
Ристо Василевски/ Risto Vasilevski ..... 13
Одиите ..... 13
Златовра ..... 13
За моите пријатели ..... 14
Големиот пат ..... 15
Обраќање кон смртта ..... 15
Славица П. Диневска/ Slavica P. Dinevska ..... 17
Рибарска куќичка ..... 17
Месечарење ..... 18
Напуштена соба ..... 18
Заплеткани ..... 19
Раздавање за душа ..... 19
Кутии ..... 21
Златко Жоглев-Олгин/ Zlatko Zhoglev-Olgin ..... 22
За воспитанието, добриот живот и правдата ..... 22
Законодавецот ..... 22
Патот до среќата ..... 23
Ако сакаш мир и среќа ..... 23
Образованието и придобивките ..... 23
Најдоброто и мерката ..... 24
Совети од мудар човек ..... 24
Стефан Марковски/ Stefan Markovski ..... 25
Машински метаморфози ..... 25
Е-смисла ..... 25
Среќајност ..... 26
Модерни прашања согласно плин ..... 26
Нуклеарна молитва ..... 27
Кире Неделковски/ Kire Nedelkovski ..... 29
Пајтонот на поезијата ..... 29
Неограничени нешта ..... 29
Нова инсталација... ..... 30
Возвишени возбуди ..... 30
Засолништето за зборовите ..... 31
За многу години... ..... 31
Милица Радевска/ Milica Radevska ..... 32
Мозаик на душата ..... 32
Емилија Тодорова/ Emilija Todorova ..... 34
Жед ..... 34
Шехерезада ..... 34

ПРОЗА ..... 37
P r o s e ..... 37
Даниела Андоновска-Трајковска/ Daniela Andonovska-Trajkovska ..... 39
Кактус ..... 39
Бобан Богатиновски/ Boban Bogatinovski ..... 42
Роботот 1971 ..... 42

Живко Грозданоски/ Zhivko Grozdanoski ... 46
Писмо за Глорија ... 46
Владо Јаневски/ Vlado Janevski ... 49
Дали и јас имам душа ... 49
Јована Матевска Атанасова/ Jovana Matevska Atanasova ... 52
Азбуката има три „В“ ... 52
Томислав Османли/ Tomislav Osmanli ... 55
Заборав ... 55
Михајло Свидерски/ Mihajlo Sviderski ... 59
Рахмани Хасан ... 59
Игор Поп Трајков/ Igor Pop Trajkov ... 62
Неодуван празник ... 62
Ивица Челиковиќ/ Ivica Chelikovikj ... 66
*IV Не знаеме што нè чека. Да му дадеме шанса на човечкото во нас* ... 66

**ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ** ... 69
Children's and youth literature ... 69
Соња Змејкоска Илијовска/ Sonja Zmejkoska Ilijovska ... 71
Круша ... 71
Треперење ... 71
Дарежливиот август во песна ... 71
Месечко ... 72
Расни дете ... 72
Криење пред спиење ... 73
Горјана Стојановска/ Gorjana Stojanovska ... 74
The cat that lost it's marks ... 74
The thing about cats ... 75

**СОГЛЕДБИ** ... 77
Observations ... 77
Анита Ангелевска/ Anita Angelevska ... 79
Пофално слово напишано од свети Климент за спомен на блажениот пророк Захарија и за раѓањето на Јован Крстител[1] ... 79
Јованка Д. Денкова/ Jovanka D. Denkova ... 86
Немирите на адолесценцијата прикажани во романот „Лето значајно како нагрев“ од Билјана Станковска ... 86
Владо Ѓорески/ Vlado Gjoreski ... 93
Аналитично гледиште за сликарството на ЈОРДАН МАНАСИЈЕСКИ ... 93
Елизабета Јончиќ/ Elizabeta Jonchikj ... 96
Прифаќање на различностите и живо насочување кон трајни етички нормативи ... 96
Весна Мунџишевска-Вељановска/ Vesna Mundzhishevska-Veljanovska ... 99
Гласот на буквите низ акростих „МАКЕДОНИЈА“ ... 99
Симона Петровска/ Simona Petrovska ... 102
Архетипот на времето во поезијата на Веле Смилевски ... 102
Емилија Ристевска Стефановска/ Emilija Ristevska Stefanovska ... 104
Оперета во Битола: Историски развој и културно влијание ... 104
Марија Стојановска/ Marija Stojanovska ... 109
Гласна зборообразувачка структура низ римите во книгата „Збрка во трка“ од Весна Мунџишевска-Вељановска ... 109
Билјана Т. Димко/ Biljana T. Dimko ... 112
Преглед на книжевното дело „Дива мисла“ од Владимир Костов ... 112
Васил Тоциновски/ Vasil Tocinovski ... 116
Храбро и мудро човекување ... 116
Реџеп Хоти, Арлинд Фаризи, Валдет Хисенај/ Redzep Hoti, Arlind Farizi, Valdet Hisenaj[1] ... 119
„Хаста ла виста“ – праксата методологија и другоста ... 119
Билјана Цветкова Димов/ Biljana Cvetkova Dimov ... 124
Развој на критичката писменост како неопходност во модерното општество ... 124

**АКЦЕНТИ** ........ 127
Accents ........ 127
Монографија и изложба на дела на Јордан Манасијески ........ 129
Промовирана книгата „Презимето кај Македонците" од проф. д-р Елка Јачева Улчар ........ 130
Со превод на стиховите на англиски јазик, одбележана стогодишнината од раѓањето на големиот Шопов ........ 130
64-от јубилеј на МНД одбележан со промоција на списанијата „Прилози" и „Современи дијалози" ........ 132

**ПРЕПЕВИ** ........ 133
Translations ........ 133
Зора Русомарова/ Zora Rusomarova ........ 135
Виктор Иго ........ 135

**ПАРАЛЕЛИ** ........ 141
Parallels ........ 141
Абдул-Азиз Јасим (Обединети арапски емирати)/ Abdul-Aziz Jassim (United Arab Emirates) ........ 143
Средба ........ 143
Хасан Алнаџар (Обединети арапски емирати)/ Hassan Alnajjar (United Arab Emirates) ........ 144
Избор на поезија ........ 144
Ладислав Бабиќ (Хрватска)/ Ladislav Babić (Croatia) ........ 146
-----Стивнале исхабени сопатници на копнежот, ........ 146
Река ........ 146
-----Слушај! Ја слушаш ли тишината како плаче ........ 146
-----Фазната разлика – расте. ........ 147
Театарска сцена ........ 147
-----Соништата свои во оптек да се пуштат, ........ 148
-----Кога ќе надвладее светлината на другите дни, ........ 148
Обејдула Бахер (Авганистан)/ Obaidullah Baheer (Afghanistan) ........ 149
Си го оставив срцето ........ 149
Владимир Благојевиќ (Србија)/ Vladimir Blagojević (Serbia) ........ 150
Сине мој ........ 150
Идиот (Осмислување) ........ 150
Биди тука ........ 151
Тагрид Бу Мерхи (Либан/ Бразил)/ Taghrid Bou Merhi (Lebanon/Brasil) ........ 152
Како чекање!! ........ 152
Мунавар Болтаева (Узбекистан)/ Munavvar Boltayeva (Uzbekistan) ........ 154
Парчиња од животот ........ 154
Селски жени ........ 154
Жермен Дрогенброт (Белгија/Шпанија)/ Germain Droogenbroodt (Belgium/ Spain) ........ 156
Насадување ........ 156
Надеж ........ 156
Слаѓана Јовичиќ (Босна и Херцеговина)/ Slađana Jovičić (Bosnia and Herzegovina) ........ 157
Гавран ........ 157
Чувар на место небо ........ 157
Ова беспаќе води кон тебе ........ 158
Олга Лалиќ-Кровицка (Полска)/ Olga Lalić-Krowicka (Poland) ........ 159
***ѕвезда падна врз каменот ........ 159
***разгранети раце ........ 159
***можеби ќе напишам песни ех ........ 159
***Убаво е да се пишува ........ 160
***Понекогаш песната не сака да се исчитува ........ 160
Манолис (Крит)/ Manolis (Crete) ........ 161
Камуфлажа ........ 161
Алваро Мата Гиље (Костарика)/ Álvaro Mata Guillé (Costa Rica) ........ 162
Една сезона во пеколот ........ 162
Војчех Мачеј Хибнер (Полска)/ Wojciech Maciej Hübner (Poland) ........ 164
Рециклирање ........ 164
Лузни ........ 164

Перспектива на прво лице ........................ 165
Вранче ........................ 165
Биљана Миловановиќ Живак (Србија)/ Biljana Milovanović Živak (Serbia) ........................ 166
Грмотевицата траеше долго ........................ 166
Жртви ........................ 167
Зошто не ги сакам соседите ........................ 167
На нешто што трае вечно ........................ 167
Клучалка ........................ 168
Боб Мванги Кибара (Кенија)/ Bob Mwangi Kibara (Kenya) ........................ 169
Разбуди се ........................ 169
Искра Пенева (Србија)/ Iskra Peneva (Serbia) ........................ 170
Лузна ........................ 170
Клацкалка ........................ 170
Мало срце ........................ 171
Јулијана Паска (Романија)/ Iuliana Pasca (Romania) ........................ 172
Илузии ........................ 172
Верица Преда (Србија)/ Верица Преда (Serbia) ........................ 173
Песна од работ на сонцето ........................ 173
Заглавена песна ........................ 173
Лавина ........................ 174
Милена Рудеж (БиХ/ Данска)/ Milena Rudež (Bosnia and Herzegovina/ Denmark) ........................ 175
Преживеани ........................ 175
Мојата љубов ........................ 175
Те сакам како животно ........................ 176
Фиона Сампсон (Велика Британија)/ Fiona Sampson (United Kingdom) ........................ 177
Последниот човек ........................ 177
Јованка Стојчиновиќ Николиќ (Босна и Херцеговина)/ Jovanka Stojčinović Nikolić (Bosnia and Herzegovina) ........................ 178
Мојни огледала ........................ 178
Стенли Х. Баркан (САД)/ Stanley H. Barkan (USA) ........................ 180
Ташлих ........................ 180
Оскар Хан (Чиле)/ Oscar Hahn (Chile) ........................ 181
Во метро ........................ 181
Томаш Хрињак (Полска)/ Tomasz Hrynacz (Poland) ........................ 182
Што не може да се поднесе? ........................ 182
Бумеранг ........................ 182
Другиот прозорец ........................ 182
Во нејзините очи ........................ 182
Вртлог ........................ 182
Лузна ........................ 182
Два мачка ........................ 183
Без крај ........................ 183
*** ........................ 183
Годишни времиња ........................ 183
Минат живот ........................ 183
Допрени со Божјиот прст ........................ 184
На фронтот на денот ........................ 184

Редакција на „Современи дијалози" ........................ 185
Editorial board of "Contemporary Dialogues" ........................ 187
Меѓународен уредувачки одбор на „Современи дијалози" ........................ 189
International editorial board of "Contemporary Dialogues" ........................ 192

Преведувачи/ Преведувачи/Translators: ........................ 195
Ликовни уметници/Artists: ........................ 195

**Јованка Д. Денкова/ Jovanka D. Denkova**

УДК 821.163.3-31(049.3)

# НЕМИРИТЕ НА АДОЛЕСЦЕНЦИЈАТА ПРИКАЖАНИ ВО РОМАНОТ „ЛЕТО ЗНАЧАЈНО КАКО ИЗГРЕВ“ ОД БИЛЈАНА СТАНКОВСКА

Романот „Лето значајно како изгрев“ (1999) од писателката Билјана Станковска[1] е хронолошки прв по ред во нејзиното целокупно творештво, од оние дела наменети за деца и млади. И додека подоцнежните романи „Вистинска приказна за исчезнувањето на приказните“ е објавен во 2011 година, а „Кој ги краде соништата“ во 2016 година, беа наменети за читатели од помлада возраст, со чудесни и фантастични елементи во нив, романот „Лето значајно како изгрев“ во себе има елементи за да може да се разгледува како реалистичен роман за млади, или реалистичен адолесцентски роман.

Реалистичното усидрување на дејството е остварено преку негово ситуирање во еден комплетен реалистичен код. Тоа, пак, е реализирано со давање на мноштво информанти за средината во која живее хероината/протагонист Марија, која штотуку наполнува единаесет години, со презентирање на информации за семејството во кое таа е средно дете, помала од студентката (на Правен факултет) Невена и повозрасна од петиполгодишниот Бошко. Се разбира, не смеат да се изостават и податоците за родителите, мајката Анастазија и таткото Јован. Авторката многу прецизно го ситуира и хроносот: „А беше прекрасно јунско претпладне, на почетокот од последната деценија на дваесеттиот век“ (5)[1]. И во едно такво пријатно и топло претпладне, по завршувањето на роденденската прослава по повод нејзиниот единаесетти роденден, Марија, која има различни имиња: „А ја викаат Маре, Мариче, Машенка, Мацутаки, Марушка, Марко, Маријачи... Впрочем, ништо невообичаено. Во нивното семејство ословувањето е во согласност со моменталното расположение, со намерата и со целта на обраќањето“ (5), Марија почнува да се чувствува необично. Авторката уште попрецизно ни го доловува времето во кое малата Марија влегува во дванаесеттата година од својот живот, а веројатно и во адолесценцијата. Кај неа се чувствуваат првите немири: „Ништо! Едноставно, утрово кога се разбуди, се протегна во креветот, ги зафрли рацете преку перницата, се загледа во една невидлива точка на плафонот и, кој знае зошто, си помисли дека е малечка и немоќна да го измени светот“ (8). Чувството на немоќ, беспомошност и необјаснива меланхолија што ја обзема Марија е сосема нормално за периодот на адолесценцијата: „И што сега? Каква е таа можност за големи дела кога си роден со задоцнување во овој најобичен град, без голема река, без голем луна-парк, без зоолошка градина, дури без голема планина над него“ (8). Таа е нетрпелива кон постарата сестра, студентката Невена, за која ќе рече: „Учи! Учи и нѐ глода!... Сѐ ѝ пречи! Да ѝ помине тој испит, па ако го фати условот – добро, ако не го фати – пак добро. Само еднаш нормално да се заживее“ (17); ѝ пречи што родителите постојано ѝ го оставаат помалиот брат на чување: „А и Бошко не сака да остане сам ни пет минути. А, јас тогаш не би можела да мрднам ни преку праг. Затоа си молчам“ (17).

[1] Билјана Станковска, Лето значајно како изгрев, Детска радост, Скопје, 2002.

Браќата и сестрите се дел од семејниот живот на децата и адолесцентите и огромна е нивната улога во секојдневните искуства на едни со други како придружници, доверливи лица, борци и како фокус на социјалните споредби.[2] Односите меѓу браќата и сестрите се обликуваат од фактори кои се движат од детските карактеристики до културните норми и вредности. Ние, исто така, знаеме дека браќата и сестрите можат да имаат директни ефекти врз развојот на едни со други кога служат како социјални партнери, модели за улоги и фолии и дека браќата и сестрите можат индиректно да влијаат еден на друг врз основа на нивното влијание врз поголемата семејна динамика - како на пример со тоа што служат како градежни блокови на структурата на семејството, држење на фаворизирана семејна нишка или разводнување на семејните ресурси (McHale, Kim, & Whiteman, 2006).[3] За време на детството, интеракцијата меѓу браќата и сестрите е главна компонента на социјалните искуства на децата. Како што е забележано од страна на истражувачот Дан (2007), две карактеристики го карактеризират односот меѓу браќата и сестрите во детството - емоционалниот интензитет и интимноста. Интимноста на искуствата на браќата и сестрите еден со друг, поминување повеќе време заедно отколку во која било друга врска во детството, раѓа екстремна блискост. Меѓутоа, за време на детството, врските меѓу браќата и сестрите често се карактеризираат со врската: љубов - омраза, при што децата ги оценуваат своите браќа и сестри како поддржувачки, исполнети со љубов и разбирање, но и како агресивни и антагонистички. Иако конфликтот помеѓу браќата и сестрите генерално се чини дека се намалува за време на адолесценцијата, ривалството и конкуренцијата покажуваат знаци на зголемување.[4] Адолесцентите треба да развијат сопствен идентитет и емотивно да се одвојат од родителите и да покажат зголемен интерес за поширокиот свет, пријателите и романтичните партнери. Овој развој може да доведе до намален интерес за нивните браќа и сестри и заеднички активности и пад на позитивната и негативната интеракција. Истражувањата покажале дека раните адолесценти пријавиле помалку дружење и помалку конфликт со нивните браќа и сестри отколку помалите деца.[5] Но, она што најмногу ѝ пречи на Марија е што се чувствува како нивното папагалче - затворено во кафез: „Па нема каде да се оди! Околу војни, блокади! Се нема пари. Ѝ велам на Настазија: "Барем до Охрид", а таа: "Дете, државата ни се распаѓа! Кој оди на летување! Татко ти можеби ќе остане без работа..." (18).

Со давање на овој податок, авторката прави уште едно референцијално усидрување во реалноста, а тоа е времето на распадот на СФРЈ, кога Македонија се бореше да не биде вовлечена во вителот на војната, да ја добие својата независност, но затоа пак, беше подложена на многу изолации и блокади од соседните држави. Тоа е време и кога во соседните држави беснееше војната со сета нејзина жестина, меѓу некогаш братските југословенски народи, но и кога многу наши војници беа затекнати и заробени во тие републики. Таков е случајот со момчето на Невена, кој за среќа успева жив и здрав да се врати дома, па им ја донесува сликата од таму: „Пострашно од она што

---

[2] Susan M. McHale, Kimberly A. Updegraff, and Shawn D. Whiteman, Sibling Relationships and Influences in Childhood and Adolescence, October 2012, Journal of Marriage and Family 74(5):913-930, https://www.researchgate.net/publication/260999844, 21.02.2023

[3] McHale SM, Kim J, Whiteman SD. Sibling relationships in childhood and adolescence. In: Noller P, Feeney JA, editors. Close relationships: Functions, forms and processes. New York: Psychology Press; 2006. pp. 127–149. [Google Scholar]

[4] Patricia L.East, Adolescents ' Relationships with Siblings, In book: Handbook of Adolescent Psychology, 2009, https://www.researchgate.net/publication/229688089_Adolescents%27_Relationships_with_Siblings, 21.02.2023

[5] Miri Scharf, Shmuel Shulman and Limor Avigad-Spitz, Sibling Relationships in Emerging Adulthood and in Adolescence, https://journals.sagepub.com/doi/pdf/10.1177/0743558404271133, 21.02.2023

го гледаме на телевизија... Ни со пуштањето не било многу лесно. Замисли, од Загреб до овдека патувале седум дена... Таму е вистинска војна“ (71).

На овој хронос авторката не се осврнува случајно. Во времето на војната меѓу бившите југословенски републики, имаше многу раселени лица, па тој факт ѝ послужил да ја претстави судбината на едно босанско семејство, баба и внук, кои се населуваат во недоизградената куќа на другарката на Марија –Ели: „Веќе втор месец во тие соби живеат двајца бегалци од Босна. Тоа се новиот инструктор по танц и неговата баба. Тој ден кога со воз пристигнале во градот, случајно ги сретнал татко ѝ на Ели. Бидејќи не знаел како да им помогне околу сместувањето им ја понудил нивната недоизградена куќа... Девојчињата знаеја дека соседството се спријателило со нив и дека им помага. Дознаа дека внукот се вика Есад. Тој е нивниот нов инструктор по танц. Беа вчудовидени и збунети. Дома непрестајно ги пренесуваа случувањата за бегалците, па така ја прошарија помошта и ја засилија со еден стар црно-бел телевизор откај Софија, а откај Марија со ислужената машина за перење... Еден сосед се нафати да им ја поправи“ (32-33). Кога читаме книги, некој може да почувствува емпатија за ликовите во книгите и за искуствата што ги поднесуваат ликовите. Според Голдстајн и Винер (2012), „Социјалните когнитивни вештини како што се емпатијата (сочувствување со емоционалната состојба на другиот) и теоријата на умот (разбирањето на менталните состојби на другите) се клучни за секојдневните интеракции, соработката и учење за културата“. Мекдоналд и Месинџер објаснуваат: „Емпатијата е мотиватор за помагање на другите во неволја... Способноста за сочувство е важен дел од социјалниот и емоционалниот развој, што влијае на однесувањето на поединецот кон другите и на квалитетот на социјалните односи“. Читањето книги каде што читателот може да чувствува емпатија кон ликовите е учење за искуство што читателот допрва треба да го доживее во реалниот живот.[6]

Присуството на војниците на УНПРОФОР на овие простори во воениот период беше нормална работа, иако кај населението е присутна недоверба и предрасуди што е видливо од дијалогот на Марија со најдобрата другарка Софи: „Тие се тука да го зачуваат мирот на Балканот. – Им е гајле ним за Балканот, Софи!. Јас се плашам! – А јас, мислиш, не се плашам! И престани да зборуваш како баба ми: „Аууу, Софи сине, црни се како ѓаволи... Да се арни, би биле бели... На татко ми: „Симчо синко, татко ти за нив ли ти ја правеше куќата и тоа на горниот кат?! Но, кога ѝ рековме дека плаќаат петстотини долари кирија рече: А? Колку? Не е можно, Симоне! Тоа се пари! .. И почна да ги поздравува. Сѐ уште цеди нешто низ заби, ама подносливо!“ (29).

Во романот поблиску е објаснет и односот меѓу Марија и нејзиниот дедо, со кого таа е многу блиска. Адолесценцијата е развоен период кој често се карактеризира со големи транзиции во социјалните улоги и високи нивоа на стрес, што може да доведе до социјални и емоционални предизвици кај адолесцентите. Многу фактори на ризик (на пр. сиромаштија, родителски развод/разделба, смрт) се идентификувани како негативно влијание врз адолесцентите, поврзани со проблеми со менталното здравје, тешкотии во однесувањето и лоши академски резултати. Наодите покажуваат дека блиската врска меѓу адолесцентите/децата и бабите/дедовците се поврзани со пониски нивоа на психолошки тешкотии кај адолесцентите.[7] Тој, дедото Давид се чувствува осамен по смртта на бабата на Марија. Смртта е неизбежна и се случува секојдневно. Тоа е нешто

---

[6] Ashley Snoddy, Death and Dying in Adolescent Literature, 2014, Master of Education (MEd), Bowling Green State University, Reading. OhioLINK Electronic Theses and Dissertations Center. http://rave.ohiolink.edu/etdc/view?acc_num=bgsu1394210773, 21.02.2023

[7] Jo-Pei Tan, Do grandparents matter? Intergenerational relationships between the closest grandparents and Malaysian adolescents, Contemporary Social Science: Journal of the Academy of Social Sciences · January 2018, https://www.researchgate.net/publication/322637920, 21.02.2023

што не може да се избегне. Во различни ситуации, некои луѓе не се директно засегнати од смртта, додека други се засегнати од смртта. Ова го одредува периодот на жалост и процесот на тага. Адолесцентите, кои никогаш немале никакво искуство со смртта, може прво да се сретнат со смртта во литературата. Важно е да се проучи како смртта е прикажана во литературата за да се осигура дека адолесцентите добиваат валидни и веродостојни информации за смртта и умирањето. Литературата може да биде место каде за прв пат адолесцентите се среќаваат со темата на смртта; затоа, важно е литературата за адолесценти да се усогласи во тој поглед. Овде ги наведуваме согледувањата на Кублер-Рос (1969) и нејзината теорија за петте фази на тагата. Петте фази на тагата го вклучуваат следново: негирање, лутина, договарање, депресија и прифаќање.[8] Всушност, отсуството на бабата сите го чувствуваат и секој на свој начин тагува: „Баба Цвета умре пред повеќе од две години. Но, како да беше вчера. ...Мама Настазија се криваше од сите и плачеше... Нена беше матурант и изјави дека нема да оди на матурската вечер... Тате Јован не плачеше, ама стана некако тивок и послушен. Често одеше кај дедо и му се придружуваше во вечерното гледање ТВ вести. Дедо Давид беше очајно тажен и кроток. На лицето му ја снема широката насмевка. Ја снема и светлината во очите... Без баба сѐ е штуро и тажно... Марија ја забележуваше сеопштата тага во семејството и не можеше туку-така да се помири со состојбата“ (14-15).

Тагувањето кај адолесцентите се разликува од она кај децата по тоа што адолесцентите се способни за идни размислувања и апстрактни и реални проценки, наместо дихотомно размислување што ги ограничува шпекулациите за последиците од смртта[9]. Иако е откриено дека адолесцентите доживуваат анксиозност при средба со смртта, слична на онаа на возрасните, кај адолесценти тагата се разликува од тагата на возрасните по тоа што на адолесцентите им недостасуваат вештини за решавање проблеми и толкувачки вештини што возрасните често ги обезбедуваат. Адолесцентите се свесни за себе и се способни да ги идентификуваат реакциите, но честопати не се сигурни како да се справат со реакциите на тага.[10]
Адолесцентите ја доживуваат загубата на некој близок како доказ и за нивната сопствена смртност. За нив смртта има симболично значење[11], како што е со случајот со Марија, за која смртта на баба ѝ значела промена во целокупниот живот во семејството, загуба на убавите мигови при семејните собири. Па, оттука, не изненадува нејзиниот гнев, кој ќе го почувствува во одреден момент: „Отиде на гробот на баба ѝ.  Го стави цветот, на мермерот под ликот, па не погледнувајќи подалеку од врвовите на патиките, изрецитира во еден здив: "Не е фер, бабо! Ако вистина нѐ сакаше како што велеше, немаше да нѐ оставиш така ненадејно. Ќе ти беше жал за нас и ќе се бореше. Ако однекаде можеш да ме слушнеш, тогаш знај дека ме разочара. Бабо, ти си најсебичната баба на светот. Не ти е грижа како ни е нам без тебе. Нели ми ветуваше дека ќе живееш барем сто години? А што направи?!!!“ (15-16).

---

[8] Ashley Snoddy, Death and Dying in Adolescent Literature,  2014, Master of Education (MEd), Bowling Green State University, Reading. OhioLINK Electronic Theses and Dissertations Center. http://rave.ohiolink.edu/etdc/view?acc_num=bgsu1394210773, 21.02.2023

[9] Tremblay, G. C., & Israel, A. C. (1998). Children's adjustment to parental death. Clinical Psychology: Science and Practice, 5, 424-438

[10] Eva E. Reed, Counseling Adolescents for the Death of a Parent: A Literature Review, 1, The Pennsylvania State University, Journal of School Counseling, 2008 - ERIC https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ894789.pdf, 21.02.2023

[11] Roberta S. Trites, Disturbing the Universe: Power and Repression in Adolescent Literature, ("When I can control the focus", Death and Narrative Resolution in Adolescent Literature), University of Iowa Press, 1998, https://books.google.mk, 21.02.2023

Тешките времиња не оставаат никого рамнодушен, но она што импонира во овој роман е оптимизмот, како во случајот кога таткото на Марија навистина добива отказ од работното место: „Застана некако смешно. Се искриви, го развлече лицето, ги прекрсти нозете и се претстави - Мистер Чаплин! – Потоа така сплеткан и искривен во лицето рече: - Ме отпуштија од работа!“ (44).

Со постојаното присуство на војната која и на возрасните и на помладите им „виси“ над глава, единственото место каде Марија е своја е во поинерскиот дом каде се подготвуваат за танцовиот натпревар. Во тој период започнува и нејзиното пријателство со Есад, кој иако е постар од неа, Марија како да чувствува и некаква недефинирана симпатија кон него. Натпреварот ќе ги приближи еден кон друг и ќе станат пријатели, а во една прилика тој ќе ја запознае Марија со својата баба, бивша учителка, и при таа средба, во нивниот семеен албум, на една од фотографиите, Марија ќе го препознае својот дедо во младоста: „Марија ја погледна фотографијата, и во мигот веѓите ѝ се извија небаре се крилца на ластовичка. Ѝ стана жешко и се подистави“; па затоа е во дилема: „Дали има право да чепка по минатото на дедо ѝ. А дали тој има право на толку голема тајна?“ (46-47).

Мистеријата со фотографијата ќе биде разрешена на најдобар можен начин. Имено, Марија ќе ги покани Есад и баба му Зулејха на гости кај дедо ѝ, каде тие двајца се препознаваат. Додека биле млади офицери во повоено Сараево, Зулејха била во врска со негов другар, кој подоцна исчезнал при извршување на некаква задача. Од нивната врска добила ќерка, која сама ја одгледала, како и Есад подоцна кога мајка му млада загинала во сообраќајна несреќа: „Таа беше херој во неговите очи, но и во очите на многумина други кои ја знаеја“ (66). Во тие тешки моменти голема поддршка ѝ бил дедо Давид, иако подоцна го изгубиле контактот.

И навистина, во тие тешки времиња во кои авторката, како на позадина го прикажува времето кога Македонија се бореше за својата самостојност, сепак има моменти за радост. Во тој контекст е големиот митинг по повод независноста на Македонија, таткото на Марија со сиот свој оптимизам наоѓа работа во Унпрофор, Есад и баба му добиваат документи да заминат во Шпанија каде треба да се обединат со неговиот татко.

Крајот на романот има тажникава нијанса, заради тагата која ја чувствуваат дедото и Марија заради заминувањето на Есад и баба му во Шпанија. Сепак, преку раскажувањето на дедото за миговите поминати во неговиот роден крај и неговата вечна убавина, за скапоцените мигови поминати со татко му кој му зборувал за неговите корени: „Додека стоев загледан во зелените круни на буките низ кои се слеваше топлата светлина и ги будеше птиците, како да стоеше татко ми до мене. Тогаш сфатив за што зборувал. Затоа, беше убаво што ова лето го поминавме заедно“ (125), авторката проговорува за човековата минливост наспроти вечноста на природата, но, и колку тоа „краткотрајно“ човеково постоење и битисување е важно ако човекот осознае кој е, од каде е, која е смислата на неговото постоење на оваа планета. Така и Марија, иако првично незадоволна што ќе го помине летниот распуст дома, сепак, сфаќа дека заради нашата краткотрајност на планетава, важно е времето поминато со најблиските: „Дедо вели дека ситните настани му даваат светлина на животот“ (126).

ЛИТЕРАТУРА

1. East, Patricia L. (2009). Adolescents ’ Relationships with Siblings, In book: Handbook of Adolescent Psychology, https://www.researchgate.net/publication/229688089_Adolescents%27_Relationships_with_Siblings, 21.02.2023

2. McHale SM, Kim J, Whiteman SD. Sibling relationships in childhood and adolescence. (2006). In: Noller P, Feeney JA, editors. Close relationships: Functions, forms and processes. New York: Psychology Press. pp. 127–149. [Google Scholar]
3. McHale, Susan M., Updegraff, Kimberly A., and Whiteman, Shawn D. (2012). Sibling Relationships and Influences in Childhood and Adolescence, Journal of Marriage and Family 74(5):913-930, https://www.researchgate.net/publication/260999844, 21.02.2023
4. Reed, Eva E. (2008). Counseling Adolescents for the Death of a Parent: A Literature Review, 1, The Pennsylvania State University, Journal of School Counseling, - ERIC https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ894789.pdf, 21.02.2023
5. Scharf, Miri, Shulman, Shmuel and Avigad-Spitz, Limor. Sibling Relationships in Emerging Adulthood and in Adolescence, https://journals.sagepub.com/doi/pdf/10.1177/0743558404271133, 21.02.2023
6. Snoddy, Ashley. (2014). Death and Dying in Adolescent Literature, Master of Education (MEd), Bowling Green State University, Reading. OhioLINK Electronic Theses and Dissertations Center. http://rave.ohiolink.edu/etdc/view?acc_num=bgsu1394210773, 21.02.2023
7. Tan, Jo-Pei. (2018). Do grandparents matter? Intergenerational relationships between the closest grandparents and Malaysian adolescents, Contemporary Social Science: Journal of the Academy of Social Sciences, https://www.researchgate.net/publication/322637920, 21.02.2023
8. Tremblay, G. C., & Israel, A. C. (1998). Children's adjustment to parental death. Clinical Psychology: Science and Practice, 5, 424-438.
9. Trites, Roberta S. (1998). Disturbing the Universe: Power and Repression in Adolescent Literature, (“When I can control the focus”, Death and Narrative Resolution in Adolescent Literature), University of Iowa Press, https://books.google.mk, 21.02.2023
10. Ралева, Марија, Адолесценција, криза, семејство. (2006). Магор, Скопје.
11. Станковска, Билјана. (2002). Лето значајно како изгрев, Детска радост, Скопје.